С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 07 година XLIV

04 мај 2010

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување на одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување на одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/1
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05 и 88/08),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес“ бр. 4/10) во делот IV Износ на задолжување се врши следново изменување:

Членовите 5 и 6 се менуваат и гласат:

„Член 5

Износот на задолжувањето на Општина Велес за реализирање на проектите наведени во член 3 од Одлуката за долгорочно задолжување изнесува 65.600.000 денари.

Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

Враќањето на задолжувањето ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Велес.“

„Член 6

Каматната стапка ќе биде утврдена на рамништето на шестмесечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон, во моментот на потпишувањето на договорот за долгорочно кредитирање согласно условите кои ќе бидат валидни во дадениот момент.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2086/2
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/2
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М. “ бр.5/02), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ број 12/06)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 30.04.2010 година донесе,

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите

Член 1

Во Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 18/09), во членот 2 зборовите „оваа намена“ се бришат и се заменуваат со зборовите „Керим Кимет“

После член 2, се додава нов член 2а кој гласи:

„ Член 2а

Средствата за Енвер Ебибовски со место на живеење на ул.„Вера Циривири“ бр. 224 од Велес ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2010 година, Програма А0 – Совет на Општина Велес – тековни резерви.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2086/3
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 30)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 30), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/3
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата

од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	30	КП 2532 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Драган Димов	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2086/4
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 31)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 31), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/4
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	31	КП 16876 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Давчев Жарко	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2086/5
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

92.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 32)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 32), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/5
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	32	КП 16035 и КП 16822 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	ДПТУ Пескара Вел ДООЕЛ Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2086/6
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 33)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 33), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/6
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	33	КП 1049 КО Каласлари	Урбанистичка документациај за с.Караслари одлука бр. 0701-2014 од 05.11.2002	Вардарска епархија Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2086/7
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за пренесување на основно средство

Се објавува Одлуката за пренесување на основно средство, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/7
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 65 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.04.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за пренесување на основно средство

Член 1

Со оваа Одлука се врши пренесување на основно средство – машки разбој и женски двовисински разбој по физичко и здравствено образование од Општинското основно училиште „Васил Главинов" Велес, во ЈПССО „ Парк-Спорт".

Член 2

Основното средство од член 1, ЈПССО „Парк-Спорт" ќе го користи за потребите на корисниците на услугите на ЈПССО „Парк-Спорт".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2086/8
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

95.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информацијата за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/8
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја

разгледа Информацијата за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2086/9
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

88	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување на одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес** **ОДЛУКА за изменување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес**	133
89	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите** **ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите**	134
90	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 30)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	134
91	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 31)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	135
92	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 32)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	137
93	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 33)** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	138
94	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за пренесување на основно средство** **ОДЛУКА за пренесување на основно средство**	

Бр на акт **Страница**

95	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес**	**139**
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за текот на реализацијата на изборите за членови на советите на урбаните заедници во градот и месните заедници во населените места во Општина Велес	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00